**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-112/3**
**19.02.2024**
**Струга**

| ООУ „Нури Мазари “ - с. Делогожда | |
|---|---|
| **Конечен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27,28,29 ноември 2023 година |
| **Број на извештај:** | Број 16 / Југозападен Регион /2023 г. |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Блерим Села |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Подрачни училишта** | 4 |
| **Основач на училиштето:** | општина Струга |
| **Наставен јазик:** | албански |
| **Број на ученици:** | 352 |
| **Полова структура на ученици:** | машки 183 и женски 174 |
| **Број на наставници:** | 76 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Зана Илјази |
| **Директор на училиштето:** | Алие Арслани |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26– 28.03. 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Делогожда |
| **Телефон:** | 046/709-600 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-nurimazari-delogozhdi-struga@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | 2.49 |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РСМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013, 41/2014, 33/2015, 145/2015, 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РСМ“ број 86/2006).

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција на 27, 28 и 29 ноември 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ „Нури Мазари“- с. Делогожда.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата на ООУ „Нури Мазари“- с.Делогожда делумно задоволува (2.49) [1].

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Нури Мазари“- с.Делогожда се реализира според наставниот план и наставните програми за основно деветгодишно образование изготвени од Биро за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.

Училиштето не изработува брошура со која родителите би се запознале со наставните планови и програми како и со работата на училиштето.

Во училиштето има ученици со посебни образовни потреби. Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и истиот е формиран со Решение број 08-42/1 од 24.02.2022 година.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план за соодветното одделение и но не секогаш дава можност учениците да вршат избор на наставни предмети. Покрај редовната настава во училиштето планирани се но недоволно се реализираат дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.

Наставниците во училиштето изработуваат тематски, годишни, неделни, дневни планирања а по новата концепција сценарија за час.

Дневните планирања во предметна настава најчесто не ги содржат потребните елементи за успешна реализација на наставата.

Училиштето во својата Годишна програма за работа планира но во целост не ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.

Мал број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој.

Учениците се поттикнуваат од училиштето и наставниците да учествуваат на локалните, регионалните и државни натпревари. Мал број ученици учествувале и освоиле награди на општински, регионални и државни натпревари.

Во училиштето има регистрирано училишен спортски клуб.

Училиштето има склучено меморандуми за соработка со ООУ „Дебарца“ од с.Белчишта и ООУ „Единство“-с.Октиси за спроведување на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција за периодот од 2022-2024 година.

Во училиштето се следат постигањата на учениците.

---

[1]Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Училиштето располага со споредбени податоци за постигањата на учениците според пол, одделенија и наставни предмети за сите класификациони периоди.

Стручната служба- педагогот има изработено: Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби, со потешктии во учењето и со надарени ученици кои се во склоп на Годишната програма за работа на училиштето но не презентира документација за реализирани активности.

Во училиштето се прогласува ученик на генерација но училиштето нема Правилник за прогласување на ученик на генерација.

Се врши промовирање на постигањата на учениците на патрониот празник со доделување на пофалници на учениците кои освоиле награди на натпревари.

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците.

Систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за оправданото и неоправданото отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста. Наставниците на почетокот на учебната година доставиле годишни и тематски планирања. Покрај планирањата за редовна настава наставниците имаат планирано додатна, дополнителна настава и слободни и вonнаставни ученички активности. Во училиштето нема пишана процедура за следење на планирањата на наставниците.

Распоредот за реализација на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава изготвен е од страна на наставник и директорот во училиштето.

Дневните планирања за наставата во најголем дел во предметна настава не ги содржат сите потребни елементи за успешно реализирање на поставените цели.

Наставата во училиштето се реализира во класични училници и кабинети за предметот информатика и природни науки.

Наставниците во најголем дел не користат современи наставни форми, методи и интерактивни техники на учење.

Во текот на целата година училиштето планира но недоволно реализира дополнителна настава за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето во училиштето е континуирано и јавно.

Континуирано се следат постигањата на учениците.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

Училиштето има изготвено Куќен ред за сите субјекти вклучени во наставниот процес но со истите учениците не се доволно запознаени. Во последните три учебни години не се забележани случаи за насилство.

Училиштето не располага со елементарен медицински материјал за давање на прва помош. Има обучен кадар со стекнати сертификати за давање на прва помош но, со оглед

дека има повеќе подрачни училишта истиот не е доволен. Пристапот на влезот во основното училиште не е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот.

Согласно законските прописи, а во соработка со локалната заедница училиштето нема изготвено Брошура за ученици и родители.

Училишните дворови с е заградени, чисти но, не се доволно хортикултурно уредени.

Хигиената во училиштето не задоволува.

Училиштето не организира активности и нема План и програма за професионална ориентација на учениците.

Во училиштето има ученици кои учествуваат на општински, регионални и државни натпревари.

Во училиштето взаемното почитување меѓу сите субјекти не е на завидно ниво и има недоволно рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Дисциплината на учениците главно задоволува. Постои Правилник за изрекување на педагошки мерки кој соодветно се применува.

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на патрониот празник на училиштето. Во училиштето нема пишана процедура за избор на ученик на генерација и нема Правилник за избор и наградување на најдобри ученици.

Сите вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата.

Училиштето недоволно создава услови и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовниеto на своите деца и во животот на училиштето.

Во училиштето има вработено 8 наставници кои не се соодветни согласно Нормативот за наставен кадар. Стручната служба во училиштето недоволно се ангажира, планира и спроведува активности за работа со учениците, наставниците и родителите.

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Училишниот одбор е конституиран согласно на законот и Статутот на училиштето. Годишна програма за работа на училиштето е заведена под број 01-167/2 од 11.08.2023 година.

Во Програмата за развој на училиштето (за период 2022-2026 година) број 08-457/1 од 30.12.2023 година, целите се јасно и прецизно дефинирани. Училиштето има Самоевалуација со број 02-173/2 од 22.07.2023 година.

Преку соработка со локалната самоуправа и деловната заедница училиштето настојува да ја подобри инфраструктурата.

## Карактеристики на училиштето

Наставата во деветгодишното училиште ООУ „Нури Мазари“ - с. Делогожда се изведува на албански наставен јазик. Централното училиштето се наоѓа во с. Делогожда.

Воспитно образовниот процес во училиштето се остварува согласно наставни планови и програми за основно образование. За оваа учебна година ангажирани се 76 наставници и 6 наставници кои дополнуваат од и во други училишта.

Во учебната 2023/24 година опфатени се вкупно 344 ученици кои се распоредени во 46 паралелки од I до IX одделение. Во состав на училиштето работат 4 (четири) подрачни училишта во с.Корошишта, с.Ливада, с.Џепин и с.Поум. Наставата во с.Ливада, с.Џепин и с.Поум се одвива во една смена. Во централното училиште во с.Делогожда и во ПУ во с.Корошишта наставата се одвива во две смени.

Дејноста на училиштето е верифицирана со решение број 08- 1143 од 02.03.1985 година, издадено од страна на Министерството за образование и наука - Скопје.

Училиштето е запишано во централниот регистар на РСМ под деловоден број 31120170000696 од 21.11.2017 година.

Училиштето поседува Куќен ред, Кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите и истите се истакнати на видни места. За учениците кои патуваат до училиштето обезбеден е организиран превоз. Се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците. Се води грижа за здравјето и безбедноста на учениците.

Во последните три години училиштето учествувало на училишни, општински, регионални и државни натпревари и освоило места.

Во училиштето вработени се вкупно 87 лица од кои 74 наставници, две лица во стручна служба, 3 библиотекари, еден преведувач и еден помошник директор, еден раководен кадар и еден секретар.

За учебната 2023/2024 година планирани се активности во Годишната програма за работа на училиштето заведена под број 01-167/2 од 11.08.2023 година, усвоена со одлука од Совет на општина број 08-3425/23 од 22.08.2023 година.

Училиштето соработува со локалната и деловната заедница, со институции, здруженија на граѓани и невладини организации.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Воспитно-образовниот процес во ООУ „Нури Мазари“- с.Делогожда се реализира според наставниот план и наставните програми за основно деветгодишно образование изготвени од Биро за развој на образованието и одобрени од Министерството за образование и наука.

Наставниот план и наставните програми во училиштето се реализираат во пропишаниот обем и обезбедуваат постигање на целите на основното обрзование. Содржините на наставните програми се реализираат според предвидениот фонд на наставни часови.

За сите промени во наставниот план и наставните програми, училиштето редовно ги информира родителите на учениците на родителските средби кои се организираат на почетокот на учебната година и на индивидуалните средби со родителите. Училиштето не изработува брошура со која родителите би се запознале со наставните планови и програми како и со работата на училиштето.

Училиштето има ученици со посебни образовни потреби . Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и истиот е формиран со Решение број 08-42/1 од 24.02.2022 година. Инклузивниот тим е составен од наставници и педагогот во училиштето, кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиште. За секој ученик со посебни образовни потреби формирани се посебни инклузивни тимови кои за потребите и можностите на ученикот изготвуваат индивидуални образовни програми. Оваа учебна година се ангажирани 3 образовни асистенти. Посебните инклузивни тимови за секој ученик изработуваат индивидуален образовен план соласно потребите на ученикот во кој се дефинирани целите кои треба да се остварат. Во посебните инклузивни тимови е вклучен и специјален едукатор и рехабилитатор.

Со цел да се обезбеди поефикасно инклузивно образование училиштето активно соработува со Стручното тело за проценка, Ресурсниот центар „Кочо Рацин“- Битола и Центарот за подршка на учењето ООУ „Браќа Миладиновци“- Струга. Во училиштето не постојат пропишани процедури за грижа за учениците со посебни образовни потреби и процедури за изработка и следење на индивидуалните образовни програми.

Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план за соодветното одделение и дава можност учениците да вршат избор на наставни предмети. Не секогаш изборот на предмети во училиштето се врши со писмено изјаснување-анкета, со изјава на родителите на секој ученик, а по претходно запознавање со целите и задачите на предметите.

Покрај редовната настава во училиштето планирани се но недоволно се реализираат дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците во училиштето изработуваат тематски, годишни, неделни, дневни планирања а по новата концепција сценарија за час.

Дневните планирања во предметна настава најчесто не ги содржат потребните елементи за успешна реализација на наставата.

Наставниот план и наставните програми се разгледуваат на стручните органи на училиштето и Советот на родители на училиштето, но во изминатиот период нема покренато иницијатива за промена на наставниот план и наставните програми до Министерството за образование и наука.

### 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето во својата Годишна програма за работа планира но во целост не ги реализира вонннаставните активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.

Учениците активностите ги избираат врз принципи на слободен избор. Мал број на ученици имаат можност во зависност од нивните желби и можности да бидат вклучени во вонннаставни активности не исклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците од ранливите категории.

Наставниците одговорни за слободните ученички активности во месец септември ги информираат учениците за можностите кои истите ги нудат. За сите вонннаставни активности постои план и програма според кои тие се реализираат, како и инструменти за следење на реализацијата на слободните активности на учениците.

Мал број ученици се вклучени барем во една вонннаставна активност за поддршка на личниот и социјалниот развој.

Учениците се поттикнуваат од училиштето и наставниците да учествуваат на локалните, регионалните и државни натпревари. Во периодот 2020-2021 година учениците од оваа училиште имаат освоено: две први места на општинскиот натпревар по англиски јазик и две први места по англиски јазик на регионален натпревар и едно прво и едно второ место на републичките натпревари по англиски јазик и физика. Во 2021/2022 година учениците освоиле: едно второ и едно трето место по биологија, едно прво, три втори и едно трето место по природни науки, фудбал две први места, одбојка две втори места на општински натпревар. На регионални натпревари истата учебна година освоени се едно трето место по биологија, едно второ и 5 трети места по природни науки и второ место фудбал и второ место одбојка. Во учебната 2022/2023 година освоени се следните награди на општински натпревари: математика 4 трети места, англиски јазик 3 втори места и 1 трето место, хемија едно трето место, природни науки 1 второ место и 5 трети места и биологија 2 трети места. Реализираните вонннаставни активности и постигањата на учениците училиштето ги промовира на прославата по повод патронот празник на училиштето и преку изложување на ученичките творби во училниците. Повеќе се изложуваат ученичките творби во одделенска настава а помалку во предметна настава.

Во училиштето има регистрирано училишен спортски клуб.

Училиштето има склучено меморандуми за соработка со ООУ „Дебарца“ од с.Белчишта и ООУ „Единство“- Октиси за спроведување на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција за периодот од 2022-2024 година. Во овој проект се вклучени дел од учениците и наставниците од училиштето. Во Годишната програма има глобален

план во кој се дефинирани целите на заедничките мултиетнички активности во образованието.

Планираните се активности за реализација МИО: заедно цртаме, заедно спортуваме, излети, еколошки чист училишен двор, заедно приготвуваме салата и други.

# 2 Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Во училиштето се следат постигањата на учениците.

Училиштето располага со споредбени податоци за постигањата на учениците според пол, одделенија и наставни предмети за сите класификациони периоди.

Средниот општ успех на ниво на училиште во изминатите три учебни години изнесува: учебна 2020/2021 година – 3,73; учебна 2021/2022 година – 3,71 и во учебна 2022/2023 година – 3,93.

Споредбените анализи училиштето ги користи за подобрување на постигањата на учениците.

Училиштето ги идентификува учениците со посебни образовни потреби, со потешкотии во учењето и надарените ученици. Во учебната 2023/2024 година во училиштето има три ученици со посебни образовни потреби за кој се обезбедени образовни асистенти. Формиран е училишен инклузивен тим (Решение број 08-42/1 од 24.02.2022 година). Дел од наставниот кадар обезбедува подршка на учениците со потешкотии во учењето и надарените ученици преку реализирање на дополнителна и додатна настава и организирање на слободни ученички активности.

Стручната служба- педагогот има изработено: Програма за работа со ученици со посебни образовни потреби, со потешктии во учењето и со надарени ученици но не презентира документација за реализирани активности.

Училиштето не располага со податоци за преминот и постигањата на учениците од одделенска во предметна настава од која се забележува дека има мали оттстапувања.

Училиштето реализира активности од меѓуетничка интеграција во образованието со две партнер училишта : ООУ „Дебарца“ - с. Белчишта и ООУ „Единство од с. Октиси.

Во училиштето се прогласува ученик на генерација но училиштето нема Правилник за прогласување на ученик на генерација.

Се врши промовирање на постигањата на учениците на патрониот празник со доделување на пофалници на учениците кои освоиле награди на натпревари.

## 2.2 Задржување/осипување на ученици

Училиштето располага со податоци за опфатот на учениците.

Систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за оправданото и неоправданото отсуство од наставата и презема активности за зголемување на редовноста.

Педагогот на училиштето реализира советувања со родителите на учениците кои изостануваат од наставата, за нередовност и несоодветно однесување спротивно на Кодексот на училиштето и намален успех.

Во училиштето постојат споредбени анализи за просечниот број на оправдани и неоправдани изостаноци за изминатите три учебни години: учебна 2020/2021 година: направени се 595 оправдани и 534 неоправдани изостаноци, учебна 2021/2022 година направени се 1479 оправдани и 714 неоправдани изостаноци и во учебна 2022/2023 година: направени се 1183 оправдани и 856 неоправдани изостаноци. Се забележува благо зголемување на изостаноците. Бројот на неоправдани изостаноци е зголемен заради непосетување на наставата од страна на еден ученик за кој се превземени мерки согласно Законот.

Во училиштето се следи и поведението на учениците, во учебната 2021 /2022 година и во учебната 2022/2023 година еден ученик имал намалено поведение.

Училиштето го следи осипувањето на учениците и располага со податоци за изминатите две учебни години. Во 2022/2023 година 7 ученици се испишале од училиштето а во учебната 2023/2024 година 5 се испишале а 1 ученик се запишал. Во последните учебни години забележано е зголемвање на бројот на ученици кои се испишуваат од училиштето заради иселување во странство. При премин на учениците од едно во друго училиште се почитува постапката и се води уредна евиденција на заминати или новодојдени ученици преку преведници.

### 2.3 Повторување на учениците

Во учебната 2022/2023 година 1 ученик го повторувал одделението.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

# 3 Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Наставниците на почетокот на учебната година доставиле годишни и тематски планирања. Покрај планирањата за редовна настава наставниците имаат планирано додатна, дополнителна настава и слободни и вонnаставни ученички активности. Во училиштето нема пишана процедура за следење на планирањата на наставниците. Училиштето не приложи доказ дека планирањата на наставниците се следат и дека од страна на стручната служба им се даваат совети во врска со изготвувањето.

Наставниците кои работат согласно Новата концепција изработуваат и неделни планирања и сценарија за часовите.

За унапредување на планирањата, наставниците вршат размена на искуства и идеи преку работата на стручните активи и семинари организирани од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Распоредот за реализација на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава изготвен е од страна на наставник и директорот во училиштето.

Дневните планирања за наставата во најголем дел во предметна настава не ги содржат сите потребни елементи за успешно реализирање на поставените цели.

## 3.2 Наставен процес

Наставата во училиштето се реализира во класични училници и кабинети за предметот информатика.

Наставниците во најголем дел не користат современи наставни форми, методи и интерактивни техники на учење.

Рамноправно се вклучуваат и третираат учениците од различна полова и социјална припадност во активностите на часот.

Училиштето има интерна процедура и инструменти за следење на наставниот процес. Недоволно се врши посета на часови од страна на стручната служба и директорот.

Во училиштето има формиран инклузивен тим со Програма за работа која е во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Инклузивниот тим е составен од педагог, директор и наставници кои имаат ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето.

Преку Ученичкиот парламент учениците учествуваат во животот и работата во училиштето како и во активностите организирани во локалната средина но истите не се доволно вклучени во носење на одлуки кои се од нивен интерес.

Мал дел од наставниците во своите планирања имаат предвидено различни интерактивни методи, форми и техники на учење и поучување и истите ги применуваат при реализација на наставата.

Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Инсталирани се компјутери само во кабинетот по информатика. Во училиштето има интернет конекција но од посетените часови наставниците многу малку користат ИКТ и нагледни средства при изведување на наставата главно користат лични лап топ компјутери или мобилни телефони.

Сите структури во училиштето се залагаат и поддржуваат обезбедување на здрави услови за работа и престој во училишната зграда.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Во училниците и ходниците како и холот на училиштето се истакнати трудовите на учениците. Помал дел од наставниците на учениците им даваат можност самостојно да размислуваат, да превземаат одговорност, да учествуваат во активностите за време на часот, да го искажат своето мислење за одредени проблеми и да учествуваат во одлучувањето за нив. Учениците недоволно се вклучени во работата на наставните и вонинаставните активности. Со мал број ученици повремено се одржува додатна настава и се учествува на натпревари.

Ученици сметаат дека има добри односи и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниците ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Во процесот на поучување мал број од наставниците користат различни интерактивни техники на учење и поучување. Во текот на целата година училиштето планира но недоволно реализира дополнителна настава за учениците кои пројавуваат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Оценувањето во училиштето е континуирано и јавно.

При оценувањето се користат стандарди, критериуми и техники на оценување. Се применуваат позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците ги искористуваат информациите добиени од оценувањето за да го евалуираат и подобрат планирањето и спроведувањето на наставата.

Континуирано се следат постигањата на учениците.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. За таа цел се користат формални и неформални средби, групни и индивидуални средби со родителите.

Родителите добиваат пишани извештаи најмалку два пати во едно полугодие, евидентни листови за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и свидетелство и додаток на свидетелство за крај на наставната - учебната година.

# 4 Поддршка на учениците

### 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Училиштето нема договорени мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето и училишната зграда, како и во училишните згради на подрачните училишта. Во училиштето нема забележано појава на внесување на акохол, дрога, пушење. Училиштето има изготвено Куќен ред за сите субјекти вклучени во наставниот процес но со истите учениците не се доволно запознаени. Во последните три учебни години не се забележани случаи за насилство.

Учениците и родителите се запознаени со правата, како и процедурите за поплаки. Во училиштето нема физичко обезбедување од Агенција. Во училиштето се одржуваат дежурства од страна на наставниците согласно Распоред за дежурство.

Училиштето не располага со елементарен медицински материјал за давање на прва помош. Има обучен кадар со стекнати сертификати за давање на прва помош но, со оглед дека има повеќе подрачни училишта истиот не е доволен. Пристапот на влезот во основното училиште не е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот. Во периодот на реализација на интегралната евалуација во училиштето нема ученици со телесен инвалидитет.

Училиштето има Акционен план за безбедно училиште. Во последните три години не е извршена симулација на елементарни непогоди. Училиштето има вработени кои завршиле обука за заштита од пожари. Централното училиштето располага со 2 ПП апарати сервисирани на 02.12.2023 година, а во подрачните училишта има по еден ПП апарат. Во централното училиште и во подрачните училишта нема громобранова инсталација и нема хидранти.

Училишниот имот е осигуран од пожар (Полиса број МК1000860 од 01.12.2023 година). Учениците и наставниците се осигуруваат на доброволна основа.

Согласно законските прописи, а во соработка со локалната заедница училиштето нема изготвено Брошура за ученици и родители која во скратена форма ја презентира Програмата на училиштето, организацијата на работа и обврските на учениците.

Училиштето не нуди организирана исхрана на учениците. Училиштето не обезбедува увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна во негова непосредна близина. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците.

Училишните дворови с е заградени,чистино, не се доволно хортикултурно уредени.

### 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето и санитарните јазли а со тоа и заштитата на учениците од преносливи заразни болести не задоволува. Тоалетите за учениците и за наставниците не се чистат и дезинфицираат редовно и не се на завидно ниво. Училиштето се грижи за правилно одржување на личната хигиена кај учениците и одржување на хигиената во училишните објекти. Нема обезбедено дезинфекциони средства. Во училиштето во секој кабинет и ходниците има поставено корпи за отпадоци.

Учениците од прво, трето, петто и седмо одделение еднаш годишно посетуваат систематски и стоматолошки преглед и ги примаат сите редовни вакцини.

На одделенските часови и на часовите по одредени наставни предмети застапени се содржини за заштита и превенција од заразни болести.

Во училиштето нема истакнати постери, предупредувања, плакати и слично за хигиена и заштита од болести.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Училиштето не организира активности и нема План и програма за професионална ориентација на учениците.

Учениците со потешкотии во учењето се интегрирани во училишната средина, имаат контакти и заеднички активности со останатите ученици. Мал дел од наставниците вршат прилагодување и приспособување на програмите за работа со деца со потешкотии во учењето и го следат нивниот напредок. Стручната служба недоволно презема мерки за откривање и грижа за учениците со емоционални проблеми.

### 4.4 Следење на напредокот

Во училиштето се води педагошка евиденција и документација. Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на учениците добиени врз основа на сопствени проценки.

Наставниците изготвуваат извештаи по класификациони периоди за секоја паралелка и истите се разгледуваат на Наставнички совет. Изготвените извештаи на ниво на училиште се доставуваат на стручната служба и раководниот кадар и истите се достапни за сите заинтересирани структури во училиштето.

Средниот успех на ниво на училиште на крај на учебна година е следен: учебна 2020/2021 година 3,83; учебна 2021/2022 година 3,71 и учебна 2022/23 изнесува 3,93. Во училиштето има ученици кои учествуваат на општински, регионални и државни натпревари.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците, наставниците и стручните соработници, како и родителите и Куќен ред. Овие кодески се истакнти во холот на училиштето и во најголем дел се почитуваат.

Во училиштето взаемното почитување меѓу сите субјекти е на завидно ниво и има рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.

Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и кога се работи за активностите на часот и за активностите вон часовите.

Дисциплината на учениците главно задоволува. Од посетените часови постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците. Постои правилник за изрекување на педагошки мерки кој соодветно се применува.

Во училиштето е формирана Ученичка заедница и Ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на Ученичките заедници од сите одделенија и паралелки.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Личните постигања на учениците во училиштето се промовираат на патрониот празник на училиштето.

Учениците немаат доволно можности, согласно своите способности и афинитети, да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и воннаставните активности.

Мал дел од учениците учествуваат на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Трудовите на учениците се истакнуваат на соодветен начин.

Во училиштето нема пишана процедура за избор на ученик на генерација и нема Правилник за избор и наградување на најдобри ученици. Училиштето нема Правилник за оценување, напредување, полагање испити, видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците. Училиштето нема развиен систем за наградување на учениците и наставниците кои им ја дале поддршката.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработените во училиштето се запознаени и ги почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и заштитуваат во случај на нивно нарушување.

Вработените во училиштето имаат еднаков однос кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите и за време на активностите на часот и надвор од часовите. Во сите пишани документи училиштето ги

промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Учениците се обучуваат на препознавање и справување со прашања поврзани со дискриминацијата во училиштето.

Доколку учениците забележат било каква форма на повреда на туѓите или на личните права, во секое време можат да се обратат кај било кој наставник, раководниот орган или до стручната служба во училиштето. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата. Училиштето има партнер училиште за спроведување на активности за меѓуетничка интеграција ООУ „Дебрца“ од с.Белчишта,општина Дебрца.

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето создава услови и ги поттикнува родителите да се вклучат во образовнието на своите деца и во животот на училиштето. Информациите кои се од важност за животот во училиштето, се јасни и достапни на родителите.

Училиштето соработува со локалната заедница и учествува во одбележувањето на одредени настани, подобрување на условите за работа и реализација на одредени проекти.

Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Навремено се известени за напредокот на нивното дете. Родителите можат во секое време за некој проблем да се обратат до стручната служба и директорот на училиштето. Изборот на претставници на родители во Училишниот одбор се врши низ демократска процедура. Одлуките донесени од страна на Училишниот одбор се транспарентни и достапни.

Локалната самоуправа доделува награди на првенец на генерацијата. Соработката со деловната заедница не е на завидно ниво.

# 6 Ресурси

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

Општинското основно училиште „Нури Мазари“ – с.Делогожда е деветгодишно основно училиште во кое наставата се изведува на албанскинаставен јазик. Работата се одвива во пет згради од тврда градба: во зградата во централното училиште во с.Делогожда и ПУ с.Корошишта наставата е организирана во две смени, во подрачните училишта во с.Ливада, с.Џепин и с.Поум во една смена. Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение број 08-1143 од 02.03.1985 година издадено од страна на Министерство за образование и физичка култура на Република Македонија.

Училишниот простор во кој работи училиштето ги исполнува педагошките стандарди за изведување на наставата.

Училишните згради недоволно се одржуваат. Училиштето има јасен план и распоред и оптимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и вонnаставните активности. Поседува 6 противпожарни апарати (2 во централното училиште и по 1 во подрачните) кои се сервисирани на 02.12.2023 година.

Училишните простории во централното училиште и во подрачните училишта с.Корошишта и с.Ливада се затоплуваат со парно на нафта, а во ПУ во с.Поуми и во ПУ во с.Џепин со дрва. Сите училишни објекти се осигурани од пожар.

Оваа учебна година училиштето го посетуваат 344 ученици организирани во 46 паралелки од кои три се со комбинирана настава (одделенска настава) во подрачните училишта во с.Џепин и с.Поум. За формирање на паралелките со помал број на ученици училиштето има добиена Одлука од страна на Општина Струга.

Вработени се вкупно 96 лица од кои, директор, помошник директор кој одржува и настава, педагог, психолог, преведувач, 74 наставен кадар, 3 библиотекари, секретар, благајник, хаус-мајстор 2, и 10 технички персонал. Училиштето располага со вкуно 35 училници, 3 кабинети и 1 лабораторија. Во ООУ „Нури Мазари“-.с.Делогожда нема фискултурна сала но има спортско игралиште. Има санитарни простории за учениците и за вработените. Дворното место е поплочено со бекатон плочки и е оградено. Во училиштето има инсталирано парно греење на нафта.

Просторните услови главно ги задоволуваат потребите за изведување на наставата освен за предметот физичко и здравствено образование за кое е потребно да се изгради спортска сала во централното училиште и да се обезбедат нагледни средства за успешна реализација на истата. Наставата по ФЗО се реализира на спортските терени во с. Делогожда, с.Корошишта, с. Џепи;, во ПУ с. Поум нема спортски терен, а во ПУ с. Ливада во адаптирана спортска сала.

Во училиштето има план и распоред за користење на капацитетите и истите оптимално се користат. Бројот на санитарните јазли ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Училиштето е влезено во проектот на МОН за изградба на спортска сала, но не е започнато со изградба.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето има потреба од разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно нормативите по повеќето наставни предмети.

Училиштето недоволно се труди да обезбеди подобрување на опременоста со нагледни средства и материјали за потребите по сите наставни предмети.

Училишните простории се опремени со училишен и канцелариски мебел. Училниците имаат функционална LAN мрежа со повремена интернет конекција. Училниците не се оспосбени за групна односно фронтална настава со примена на ИКТ.

Во последните три години училиштето нема набавено нагледни средства и техничка опрема. Во идентификувањето на потребите за наставни средства и помагала вклучени се наставниците, стручните активи и директорот на училиштето.

Училишната библиотека во централното училиште и во ПУ.с.Ливада и ПУ. с.Корошишта работат во соодветни просторни услови недоволно уредени и организирани и располага со книжен фонд од: ЦОУ с.Делогожда 4732 книги на албански јазик, 2703 книги на македонски јазик, 1102 книги на српски јазик, 165 книги на англиски јазик, 25 книги на француски јазик и 2 книги на германски јазик, ПУ с.Корошишта 788 книги на различни јазици и со различен карактер и во ПУ с. Ливада 2348 книги од различен карактер.

Евиденцијата во библиотеката се води на компјутер во централното училиште и во тетратка во подрачните училишта во с.Корошишта и с.Ливада. Учениците имаат право да користат литература на определено време. Библиотеките ги водат тројца библиотекари. Училиштето планира и обезбедува основен потрошен материјал.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Во училиштето вработени се вкупно 74 наставници од кои 8 не се соодветни. Воспитно образовната работа во одделенска настава ја изведуваат 23 наставници, а во предметна настава 51 наставници.

Наставниот кадар со исклучок на осум наставници е во согласност со нормативите и поседува низа квалификации, вештини и искуство. Наставниците се квалификувани и оспособени за реализирање на наставниот процес согласно потребите на учениците и училиштето во целина.

Наставниците посетувале обуки и семинари организирани од Бирото за развој на образованието.

Наставниците придонесуваат за работата на училиштето и работат како тим во рамките на стручни активи.

Од стручни соработници училиштето има педагог, психолог и тројца библиотекари. Стручната служба во училиштето работи според сопствена Програма за работа, соработува со стручните активи и има индивидуални средби со наставниците за ефикасно проучување и планирање на воспитно-образовните содржини. Недоволно се

ангажира, планира и спроведува активности за работа со учениците, наставниците и родителите.

При распоредувањето на наставниците во предвид недоволно се земаат квалитетите, искуството и оспособеноста за исполнувањето на целите на наставата. Училиштето не посветува доволно внимание при ангажирањето на наставен кадар како замена за времено отсутните наставници. Работата на наставниците се следи преку водење на професионално досие наменето за наставниците, преку водење на евидентни листови, посета на часови, формални и неформални разговори и консултации со наставниците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку спроведување анкетен прашалник и се труди да обезбеди финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Училиштето има изготвено План за професионален развој на наставниот кадар. Професионалниот развој на наставниот кадар во училиштето се остварува индивидуално и групно преку разни семинари, советувања, консултации, предавања, работилници, самообразование и преку други форми.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиското работење што ги спроведува училиштето се во рамки на законските норми. Училиштето согласно финансискиот план ги утврдува финансиските средства за тековните потреби. Финансискиот план и извештајот за финансиското работење на училиштето се доставуваат до Градоначалникот и Советот на општината.

За финансиското работење ангажиран е книговодител. Директорот на училиштето врз основа на однапред изготвени критериуми изготвува финансиски план за тековната година кој се усвојува на Училишниот одбор и се доставува до локалната самоуправа. Финансиските планови се изготвуваат посебно за секоја жиро-сметка со која располага училиштето. Финансиските планови ги опфаќаат планираните приходи кои се потребни за тековно работење на училиштето и расходите кои на основа на нив ќе бидат направени во текот на работењето.

Преку изготвените завршни сметки кои се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и другите тела се обезбедува траспарентност во работењето и се следи наменското трошење на буџетот.

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно Законот и Статутот на училиштето. Има Деловник за работа број 02-100/2 од 28.04.2022 година и Програма за работа, работи согласно надлежностите. Статутот на училиштето е заведен под број 01-278/2 од 23.12.2019 година.

Годишна програма за работа на училиштето е заведена под број 01-167/2 од 11.08.2023 година.

Одлуките кои ги носи Училишниот одбор се носат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови и се уредно архивирани. Училишниот одбор соработува со раководниот орган на училиштето.

Директорот на училиштето е именуван со решение број 09-3132/1 од 27.07.2022 година.

Раководниот орган раководи со училиштето и има поддршка во раководењето и реализирањето на образовната политика од поголем број субјекти во него.

Ораганот на раководење е вклучен во составот на повеќе комисии во училиштето.

Тимската работа не е одлика на работењето на раководниот орган и не практикува подеднакво вклучување на сите вработени во процесот на планирањето и обезбедувањето квалитет.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Во Програмата за развој на училиштето (за период 2022-2026 година) број 08-457/1 од 30.12.2023 година целите се јасно и прецизно дефинирани и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, зголемување на постигањата на учениците и подобрување на инфраструктурните услови во училиштето.

Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и при нивната реализација вклучени се и активно учествуваат наставниците, родителите и учениците и истите редовно се информираат за начинот на нивното остварување и подобрување.

Сите приоритети се планираат врз основа на потенцијалите со кои располага училиштето. Училиштето има Самоевалуација број 02-173/2 од 22.07.2023 година.

Целите на развојното планирање предвидени со Развојниот ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. При нивното поставување вклучени се наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница.

Преку соработка со локалната самоуправа и деловната заедница училиштето настојува да ја подобри инфраструктурата.

## Наоди и препораки

### Силни страни

- Извршена е обука на сите вработени за заштита од пожари и има наставници обучени за давање на прва помош на учениците.
- Учениците учествувале и освоиле награди на различни нивоа.

### Слаби страни

- Во училиштето се прогласува ученик на генерација но училиштето нема Правилник за прогласување на ученик на генерација.
- Во училиштето нема пишана процедура за следење на планирањата на наставниците.
- Училиштето не располага со елементарен медицински материјал за давање на прва помош.
- Хигиената во училиштето не задоволува.
- Училиштето не организира активности и нема План и програма за професионална ориентација на учениците.
- Во училиштето нема услови за изведување на наставата по физичко и здраствено образование.

### Препораки

- Училиштето да изготви Правилник за прогласување на ученик на генерација.
- Да се изготви пишана процедура за следење на планирањата на наставниците.
- Училиштето да набави елементарен медицински материјал за давање на прва помош.
- Да се подобри хигиената во училиштето
- Училиштето да изготви План и програма за професионална ориентација на учениците.
- Училиштето да обезбеди услови за изведување на наставата по физичко и здраствено образование

| | |
|---|---|
| Блерим Села, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Виолетка Џутеска, Инспектор | |
| Наташа Пинтоска Беќароска , Инспектор | |